**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот К.К. од С., по одржаната расправа во согласност со членот 20 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 30.9.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Нотарот К.К. од С. **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 7) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во неработен ден 23.2.2025 година (недела), по електронски пат комуницирала со вработено лице во Агенцијата за катастар на недвижности Скопје, во врска со нотарската исправа ОДУ бр.61/25 од 21.2.2025 година-Солемнизација-потврда на приватна исправа Договор за дар на недвижен имот скчлучен на ден 8.11.2024 година, при што и' упатила пораки со следнава содржина:„Кај си ............“, “Јави се итно на рапорт кај нотар к.к за грешките кои си ги направила работејќи“, „Ќе ти каже внатрешна контрола“, „А грешките ваши, редно време е да си одговарате за нив“ и „Ќе те бараат службено утре, не ме вознемирувај и ти сега“, на кој начин постапила спротивно на точка 9.1 и 18.3. од Кодексот на професионалната етика на нотарите, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **писмена опомена.**

2.Нотарот К.К. од С. **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Закон поради тоа што во предметот ОДУ бр.61/25 од 21.2.2025 година – солемнизација-потврда на приватна исправа - Договор за дар склучен на ден 8.11.2024 година, внела погрешен ЕМБ на учесникот М.Р од С, како даропримач, кој е доставен на постапување до Агенцијата за катастар на недвижности - Скопје, след што вместо да постапи во согласност со член 42 став (2) од Законот за нотаријатот и да изготви писмена исправка на техничката грешка, која се доставува до странките, истата изготвила нова нотарска исправа под истиот број и дата, и откако од страна на

Агенцијата за катастар на недвижности била известена дека е потребно да изврши соодветна исправка, истата на ден 25.2.2025 година, изготвила посебна писмена исправка под ОДУ бр. 61/25, во која го внела точниот ЕМБГ на учесникот М.Р од Скопје – xxxxxxxxxxxxxx, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

**Претседател на Советот,**
**Елена Милушева Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението дозволена е Жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
-Архивата на НКРСМ;
-По конечноста до Министерство за правда;